Друштво за промет и услуги
АТЛАНТИЦ ТРАДЕ СКОПЈЕ ДОО
Бр. 03-225/1
30.01.2026 год.
Илинден

# ПРЕДМЕТ:
Официјални правила
на наградна игра " Месец на Нивеа"

**Член 1**

**ОФИЦИЈАЛНО ИМЕ НА НАГРАДНА ИГРА**

Официјално име на наградната игра е:

" Месец на Нивеа"

Организатор на наградната игра-" Месец на Нивеа" е: АТЛАНТИЦ ТРАДЕ СКОПЈЕ ДОО Илинден, со седиште на ул.35 бр.33 Илинден, Илинден, (Контакт адреса: ул.35 бр.33 Илинден) (во понатамошниот текст Организатор).

**Член 2**

**ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА НАГРАДНА ИГРА**
Наградна игра - Месец на Нивеа ќе се одржи во период од 19.02-01.04.2026 год.

**Член 3**

**ЦЕЛ НА НАГРАДНА ИГРА -** Месец на Нивеа

**ОРГАНИЗАТОР**

Целта на оваа Наградната игра - Месец на Нивеа е рекламирање на производите на организаторот од програма на Нивеа и Лабело.

**Член 4**

**ОПИС НА НАГРАДНА ИГРА -** Месец на Нивеа

**Член 4.1**
**Територија на НАГРАДНА ИГРА -** Месец на Нивеа

Наградна игра - Месец на Нивеа ќе се спроведува во сите Рамсторе маркети во Скопје, Тетово, Куманово, Кичево, Охрид, Струга, Струмица, Велес на следниве адреси:

| Ред.бр | МАРКЕТ | АДРЕСА |
|---|---|---|
| 1 | ВАРДАР | ул. Св. Кирил и Методиј бр.13, Скопје |
| 2 | СИТИ МОЛ | ул. Љубљанска бр.4, Скопје |

Scanned with CamScanner

| | | |
|---|---|---|
| 3 | ТАФТАЛИЏЕ | ул. Московска бб, Скопје |
| 4 | КАРПОШ | ул. Прашка бр. 11/2 Лок. 1-7, Скопје |
| 5 | ПАРК | ул. Орце Николов бр.186, Скопје |
| 6 | ЏЕВАХИР | ул. Матеја Матевски бр. 20,Скопје |
| 7 | ГОРНО ЛИСИЧЕ | ул. Февруарски Поход бр.46, Скопје |
| 8 | КАПИТОЛ | Бул. Јане Сандански бр.71А, Скопје |
| 9 | КАПИШТЕЦ | ул. Васил Ѓоргов бр.20А, Скопје |
| 10 | ДЕБАР МААЛО | ул. Благој Давков бр..2, Скопје |
| 11 | ВОДНО | ул. Тодор Александров бр.83, Скопје |
| 12 | АЕРОДРОМ | ул. Милан Зечар бр.6, Скопје |
| 13 | СТАР АЕРОДРОМ | ул. Фрањо Клуз бр.6, Скопје |
| 14 | МИЧУРИН | ул. "Венијамин Мачуковски" бр.36, Скопје |
| 15 | ТОПАНСКО ПОЛЕ | ул. Ферид Мурати бр.5, Скопје |
| 16 | СЕВЕР | ул. Втора Македонска Бригада бр.23, Скопје |
| 17 | ТЕТОВО | ул. Скопски Пат бр.8 , Тетово |
| 18 | ТЕТОВО | ул. Ван Вардарска бр.1, Тетово |
| 19 | СТРУГА | ул. Маршал Тито бр.116А, Струга |
| 20 | ОХРИД | ул. Св. Климент Охридски бр.1, Охрид |
| 21 | ОХРИД ЕКСПРЕС | ул. Јане Сандански бр.98А, Охрид |
| 22 | ОХРИД ТУРИСТИЧКА | Бул. Туристичка бр.42А, Охрид |
| 23 | КИЧЕВО | Бул. Ослободување бр.1, Кичево |
| 24 | КУМАНОВО | ул. 3-та Македонска Ударна Бригада бр.68, Куманово |
| 25 | СТРУМИЦА | ул. Благој Јанков - Мучето бр.16, Струмица |
| 26 | СТРУМИЦА БУЛЕВАР | ул. Гоце Делчев бр. 42, Струмица |
| 27 | ВЕЛЕС | ул. 8-ми Септември бр. 57, Велес |
| 28 | ШТИП | ул.Тошо Арсов, број. 32 |
| 29 | ИСТ ГЕЈТ | ул. 1647, број: 20 |

Член 4.2

## **ПРАВИЛА ЗА УЧЕСТВО ВО НАГРАДНА ИГРА -** Месец на Нивеа

Наградна игра- Месец на Нивеа започнува на 19.02.2026 во 08:00 часот и завршува на 01.04.2026 година во 22:00 часот.

1. Право на учество во Наградна игра - Месец на Нивеа имаат сите полнолетни купувачи, кои имаат регистрирана Рамстор клуб картичка за лојалност.

2. Времетраењето на Наградна игра - Месец на Нивеа е од 19.02.2026 година до 01.04.2026 година. Во Наградна игра - Месец на Нивеа ќе учествуваат сите пазарења во Рамстор маркетите остварени во периодот 19.02.2026 година до 01.04.2026 година – од 08:00 до 22:00 часот.

Утврдувањето на најлојалните купувачи оние кои што имаат регистрирано Рамсторе Клуб картичка за лојалност и кои за времетрањето на наградната игра во маркетите на Рамсторе каде што ќе се приредува наградната игра на една или повеќе трансакции ќе купат производи Нивеа и Лабело со најголема вредност и кое ќе се одржи во рок од 5 работни

денови од датумот на завршување на Наградната игра - Месец на Нивеа, на ден 08.04.2026 година, вторник во 12:00 часот во Административните простории на Рамсторе Македонија доо на ул. Гане Тодоровски бр.32, Скопје, а ќе биде контролирано од комисија 2-ца претставници од АТЛАНТИЦ ТРАДЕ СКОПЈЕ ДОО Илинден и еден претставник од Рамстор.

3. Фондот на награди за наведениот период е ограничен и се состои во доделување на следните награди:

Од 1 до 10 место награди, со поединечна вредност согласно табелата подолу:

| Тип на подарок | Кампања за бренд | Назив на подарок | Поединечна вредност без ддв | Количина | Вкупна вредност без ддв | ДДВ | ДДВ во ден. | Вкупна вредност со ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1ва Награда | Нивеа | **Iphone 17 PRO** | 71,440.68 | 1 | 71,440.68 | 18% | 12,859.32 | 84,300.0 |
| 2ра Награда | Нивеа | **Dyson Air Wrap** | 24,575.42 | 1 | 24,575.42 | 18% | 4,423.58 | 28,999.0 |
| 3та до 5та Награда | Нивеа | **Ваучер NEPTUN** | 5,000.00 | 3 | 15,000.00 | 0% | 0.00 | 15,000.0 |
| 6та до 10та Награда | Нивеа | **Нивеа сетови** | 756.78 | 5 | 3,783.88 | 18% | 681.10 | 4,465.0 |

| | |
|---|---|
| **Вкупна вредност без ддв** | 114,799.98 |
| **ДДВ во ден.** | 17,964.00 |
| **ВКУПНА ВРЕДНОСТ со ДДВ** | 132,763.98 |

Секој учесник во Наградната игра- Месец на Нивеа, со самото учество се согласува дека доколку биде утврден како еден од десетте најлојални купувачи со најголема куповна вредност неговото име и презиме може да биде објавено на официјалните Веб страни на Рамсторе Македонија.

4. Наградите можат да се подигнат веднаш, а најдоцна во рок од 60 дена од денот на објавување на добитниците, во административните простории на Рамсторе Македонија на ул. Гане Тодоровски бр.32, Скопје.

Scanned with CamScanner

5. Добиената награда, неможе да се замени со друг/а и не постои никаков друг вид на надоместок.

6. Учесниците однапред се согласни со правилата на лојалност утврдени во формуларот за регистрација на Рамстор клуб картичка.

7. Сите вработени во АТЛАНТИЦ ТРАДЕ СКОПЈЕ ДОО Илинден и Рамстор Македонија ДОО, како и членовите на нивните потесни семејства не можат да учествуваат во програмите за лојалност. Доколку се утврди дека се едни од купувачите со најголема куповна вредност, наградата нема да се додели.

8. Во случај на неправилност и не придржување до пропишаните правила, организаторот АТЛАНТИЦ ТРАДЕ СКОПЈЕ ДОО Илинден го задржува правото да го дискфалификува учесникот.

9. Начин на учество во програмата за Наградна игра - Месец на Нивеа:

**Чекор 1**

При купување на било кој од производите од Наградна игра - Месец на Нивеа, без оглед на нивната вредност, купувачот е должен задолжително да покаже на каса Регистрирана Рамстор клуб картичка, преку која во системот се евидентираат и сумираат сите купувања во дадениот период.

**Чекор 2**

На ден 08.04.2026 година во 12:00 часот во Административните простории на Рамсторе Македонија доо на ул. Гане Тодоровски бр.32, Скопје, ќе се изврши утврдувањето на најлојалните купувачи преку официјалниот систем за следење на лојалност на Рамсторе (ОБАСЕ), а ќе биде контролирано од комисија составена од 2-ца претставници од АТЛАНТИЦ ТРАДЕ СКОПЈЕ ДОО Илинден и еден претставник од Рамсторе.

Член 4.3

**Начин на доделување на наградите**

- Утврдувањето на најлојалните купувачи ќе се одржи на 08.04.2026 година вторник во 12:00 часот во Административните простории на Рамсторе Македонија доо на ул. Гане Тодоровски бр.32, Скопје.
- Секој од добитниците на награди телефонски ќе биде известен од страна на "Рамсторе Македонија" за добиената награда и истата ќе може да ја подигне во рок од 60 дена од денот на објавувањето на листата на добитници на награди, во административните простории на Рамсторе Македонија на ул. Гане Тодоровски бр.32, Скопје.
- После истекот на предвидениот рок, Организаторот нема никаква одговорност околу наградите.
- Добитникот на награда при подигање треба да приложи валиден документ за идентификација и Рамстор клуб картичка.

Scanned with CamScanner

- Доколку добитникот и сите дополнителни добитниците го изгубат правото на награда, истата се смета дека не е подигната и останува во сопственост и располагање на Организаторот.
  - Организаторот ќе го плати персоналниот данок на добитникот, за што истиот е обрвзан да достави ЕМБГ за даночни цели.

Добитникот не може да ја пренесе наградата.

10. Вредносните ваучери, добитниците ќе можат да ги искористат во продажните места на Нептун најдоцна до 27.07.2026г.

- Списокот на добитници на награди ќе биде објавен на официјалната веб страна на Рамсторе Македонија www.ramstore.com.mk, веднаш по завршување на утврдување на добитниците, а најдоцна во рок од 3 дена од датумот на утврдување.

Добитникот е должен задолжително при превземањето на наградата да приложи документ за идентификација. Во моментот на превземање на наградата се утврдува идентитетот на добитникот преку увид во документ за лична идентификација од кој се земаат податоците за име и презиме, како и адреса на живеење.
Податоци од лична карта, вклучително и ЕМБГ ќе се земе од добитник на неделна и главна награда заради идентификација и даночни цели т.е. пријава и плаќање на персоналниот данок на доход.

Член 4.4

**Одговорност**

- Целокупниот фонд на награди ќе биде обезбеден од организаторот.
- Организаторот ќе биде одговорен до моментот на подигнување на наградите од страна на добитниците.
- Со плаќање на персоналниот данок и преземањето на наградите, престануваат понатамошните обврски на Организаторот.
- Организаторот нема никаква одговорност која може да произлезе од користење на награди, како и плаќање по основ на штети или тужби кои на некаков начин се поврзани со користење на наградите.

Контрола на спроведувањето на наградната игра и определување на добивките и добитниците ќе биде овластено од страна на "Рамсторе Македонија".

**Член 5**

**ПРАВО НА УЧЕСТВО ВО НАГРАДНАТА ИГРА**

Право на учество во наградна игра има секое полнолетно физичко лице (со наполнети 18 години), освен лицата кои се вработени кај АТЛАНТИЦ ТРАДЕ СКОПЈЕ ДОО Илинден и Рамсторе Македонија ДОО и членовите на нивните потесни семејства (родители и деца, брат, сестра, сопруг или сопруга).

Scanned with CamScanner

## Член 6

## ИЗВЕСТУВАЊЕ НА УЧЕСНИЦИТЕ ЗА ОФИЦИЈАЛНИТЕ ПРАВИЛА

Официјалните правила на Наградна игра - Месец на Нивеа по добивањето согласност од Министерството за финансии, а пред почеток на Наградната игра, ќе бидат објавени на web страната на Рамсторе Македонија www.ramstore.com.mk, како и на информативните пултови во секој Рамсторе маркет.
Учесниците во Наградна игра - Месец на Нивеа, за Официјалните правила ќе можат да се информираат преку информативно–рекламните материјали кои ќе бидат поставени на видни места во секој Рамсторе маркет, печатени и електронски медиуми (портали, банери, постери, флаери и сл).

## Член 7

## ФОНД НА НАГРАДИ

### Член 7.1

### НАГРАДИ

Фондот на награди се состои од:

| Тип на подарок | Кампања за бренд | Назив на подарок | Поединечна вредност без ддв | Количина | Вкупна вредност без ддв | ДДВ | ДДВ во ден. | Вкупна вредност со ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1ва Награда | Нивеа | Iphone 17 PRO | 71,440.68 | 1 | 71,440.68 | 18% | 12,859.32 | 84,300.0 |
| 2ра Награда | Нивеа | Dyson Air Wrap | 24,575.42 | 1 | 24,575.42 | 18% | 4,423.58 | 28,999.0 |
| 3та до 5та Награда | Нивеа | Ваучер NEPTUN | 5,000.00 | 3 | 15,000.00 | 0% | 0.00 | 15,000.0 |
| 6та до 10та Награда | Нивеа | Нивеа сетови | 756.78 | 5 | 3,783.88 | 18% | 681.10 | 4,465.0 |

| | |
|---|---|
| Вкупна вредност без ддв | 114,799.98 |
| ДДВ во ден. | 17,964.00 |
| ВКУПНА ВРЕДНОСТ со ДДВ | 132,763.98 |

Scanned with CamScanner

Фондот на награди е вкупно 114,799.98 денари (+18%ддв), односно 132,763.98 со пресметан ДДВ.

## Член 8

## ДАНОЧНИ ОБВРСКИ ЗА ДОБИТНИЦИТЕ НА НАГРАДИ

Даночните обврски за добитниците на награди ги плаќа Организаторот на Наградна игра- Месец на Нивеа во име и за сметка на добитникот.

## Член 9

## СПОРОВИ КОИ БИ МОЖЕЛЕ ДА НАСТАНАТ ВО ТЕКОТ НА НАГРАДНАТА ИГРА

Во текот на Наградна игра- Месец на Нивеа може да дојде до спор помеѓу Организаторот и учесниците. Спор може да настане во случај ако некоја од наведените страни не се придржува кон Официјалните правила на Наградна игра- Месец на Нивеа кои се погоре образложени.

Во случај на било каков спор меѓу Организаторот и Учесниците во Наградна игра- Месец на Нивеа, таквиот спор ќе биде решен на мирољубива основа, доколку не се успее ќе биде надлежен судот во Скопје.

## Член 10

## СОГЛАСНОСТ И СОБИРАЊЕ, ОБРАБОТУВАЊЕ И ЗАЧУВУВАЊЕ НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

Во согласност со Правилата, учесникот се согласува неговите лични податоци да бидат обработувани од страна на Рамсторе Македонија со цел за учество во наградната игра.

Во согласност со Правилата, доколку учесникот биде известен дека е добитник на некоја од наградите предмет на оваа наградна игра, истиот се согласува неговите лични податоци да бидат обработувани од страна на Рамсторе Македонија за остварување на легитимни цели односно законски обврски (име и презиме, адреса на живеење со улица и број, место и општина, место на престој како и ЕМБГ(ЕМБГ само за добитниците на награди кои подлежат на персонален данок)) за доделување на добиената награда.

Ова вклучува собирање, евидентирање, организирање, чување, приспособување или промена, повлекување, консултирање, употреба, откривање преку пренесување, објавување или на друг начин правење достапни, изедначување, комбинирање, блокирање, бришење или уништување на личните податоци. Обработката и преносот на податоци од страна на Рамсторе Македонија на наградната игра е со цел да се оствари промоција на производите и услугите кои се предмет на оваа активност односно полесно да се реализира и обработи секој учесник индивидуално во наградната игра во согласност со овие Правила.

Scanned with CamScanner

Со учество во наградната игра, учесникот дава согласност неговите лични податоци да можат да се обработуваат и користат за маркетинг цели (директен маркетинг) односно промоција на производите и услугите предмет на оваа наградна игра.
Личните податоци ќе бидат споделени со трета страна единствено за предмет и цели компатибилни на наградната игра односно со страна чие што учество во наградната игра е неизбежно (на пример, компанија која ги испорачува наградите).
Врз основа на оваа согласност, а доколку не постои друг законски основ, податоците ќе се чуваат согласно Законот за заштита на лични податоци и другите позитивни прописи во РМ во рок кој е неопходен за исполнување на сите цели и обврски од оваа наградна игра но не подого од 30 дена по истек на последниот ден за испорака на наградите до добитниците.
Рамсторе Македонија се обврзува да после исполнувањето на целите на наградната игра, односно завршување на сите активности предвидени со овие Правила, согласно прописите за заштита на личните податоци во Република Северна Македонија, пристапи кон уништување на личните податоци за кои нема законски или друг основ за натамошна обработка и чување.
Учесниците имаат право во секој момент да побараат нивните лични податоци да бидат избришани или да побараат корекција на неточни податоци, како и да побараат информација од Рамсторе Македонија за наградната игра во врска со обработката на нивните лични податоци.

**Член 11**

**РОК ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ ПРИГОВОР**

Секој учесник има право на приговор во рок од 8 дена од денот на завршувањето на Наградна игра- Месец на Нивеа.
Организаторот на Наградна игра- Месец на Нивеа ќе одговори на приговорот во рок од 5 дена од денот на приемот на истиот.

АТЛАНТИЦ ТРАДЕ СКОПЈЕ ДОО Илинден

Управител
Перица Вицхисхки

Scanned with CamScanner